**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-242/8**

**Скопје, 18.07.2008 година**

**ДО**
**БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката – Приходи наплатени од органи (631) на Бирото за регионален развој за 2007 година, кои се прикажани на страните 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката – Приходи наплатени од органи на Бирото за регионален развој за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Ресуљ Мемети, директор на Бирото за регионален развој, во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 04.03.2008 до 15.03.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 07-378/3 од 02.07.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај - Сметка приходи наплатени од органи на Бирото за регионален развој од Директорот на Бирото. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на наодите од точките 10.2.1. и 10.4.2. не се прифаќаат од причина што истите немаат карактер на забелешки туку претставуваат известување за преземени мерки.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на акти**

11.1.1. Во Бирото за регионален развој во 2007 година ангажирани се три лица преку Агенција за привремени вработувања за период подолг од една година кое не е во согласност со одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања. Непочитувањето на одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања, овозможува ангажирање лица за работи од постојанен карактер, преку формата на привремени работи без спроведување на постапките пропишани со Законот за работни односи.

**Препорака:**
Директорот на Бирото да не склучува договори со Агенцијата за привремени вработувања за работи подолго од една година, туку само за привремени работи кои со прекин или без прекин не траат повеќе од една година.

**11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Наплатата на ануитети (отплата и камата) по кредити дадени од поранешниот Републички фонд за неразвиени подрачја, преземени од Бирото за регионален развој, е доверена на деловна банка. Бирото не добива средства во текот на годината односно во моментот на наплата, месечно, туку вкупно на крајот на годината. За овие побарувања во Бирото не се води евиденција за износот и динамиката на доспевање. Ваквиот начин не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува за ненавремена наплата и неможност за користење на овие средства за навремено плаќање на обврските кои ги има Бирото.

**Препорака:**
Директорот на Бирото да побара од институцијата која ја води евиденцијата на побарувањата по овие кредити, да достави до Бирото амортизациони планови, врз основа кои ќе може да се следи нивното доспевање и периодите за наплата на ануитетите.

## 11.3. Неправилности во искажување на приходите / расходите

11.3.1. За направените расходи за угостителски услуги (репрезентација) од фактурите не е можно да се утврди за кого е услугата (гости од странство или домашни гости од други градови, институции), кој е корисник на услугата од Бирото и кога истата е извршена.
Директорот нема донесено акт, со кој се регулира правото во кои услови, кои од вработените и во кои износи можат да користат средства за репрезентација, поради што постои можност од ненаменско трошење на буџетски средства.

**Препорака:**
Директорот да иницира постапка за донесување акт со кој ќе се регулира користење средства за репрезентација.

11.3.2. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на направените трошоци на ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 433 илјади денари кои се однесуваат на потрошени средства за гориво и масло поради следното:

- нема одлука од надлежен орган за користење на службено возило од страна на директорот за превоз од и до работно место.
- за користење на службените возила не се изготвува налог за користење на службено возило;
- трошокот за гориво не е поткрепен со налози за патување;
- нема донесено акт со кој ќе се утврди кои лица можат да располагаат со Верна картички за гориво.

**Препорака:**

- Да се обезбеди акт со кој ќе биде регулирано користењето на службено возило за превоз на директорот од и до работното место;
- При користење на службените возила да се изготвува налог за користење на службено возило од кој ќе може да се види кое лице, кога, каде и за која цел патувало и да се следи потрошувачката на гориво.
- Да се изготви акт со кој ќе се регулира начинот и лицата кои имаат право на користење на Верна картички.

## 11.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

11.4.1. Во сметководството и Билансот на состојба за 2007 година искажани се побарувања по основ на долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата, истовремено и извори на средства за други намени во износ од 132.377 илјади денари наследени од Републичкиот фонд за кредитирање на стопански недоволно развиените подрачја. За целосноста и точноста на овие состојби ревизијата утврди дека Бирото не располага со валидна документација, што е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради тоа ревизијата не е во можност да изрази мислење за точноста и веродостојноста на истите.
Нерасполагањето со соодветната документација за состојбите искажани на овие сметки создава можност за неточно и неосновано презентирање на податоците во финансиските извештаи и нереални финансики извештаи.

**Препорака:**
Директорот на Бирото да иницира постапка до институциите кои ја водат евиденцијата на побарувањата по овие кредити да доставиат до Бирото соодветна документација за основаноста на овие побарувања.

11.4.2. На сметката Побарувања од вработените, не е искажана состојба од 72 илјади денари кое е резултат на неевидентирање во сметководствената евиденција издавањето верна картичките за набавка на гориво за службените возила. Ваквиот начин не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереално искажани состојби во Билансот на состојба на 31 декември 2007 година.

**Препорака:**

Одговорното лице во сметководството да воведе евидентирање на издадените Верна картички како побарување од лицата на кои истите се издадени.

**11.5. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

11.5.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката за набавките од мала вредност согласно член 72 од Законот;
- не се води посебна евиденција за малите набавки, и
- не е спроведена постапка за јавни набавки од мала вредност во четири случаи во вкупен износ од 122 илјади денари.

Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно законските одредби создава можност за фаворизирање на одредени добавувачи и ја спречува конкуренцијата.

**Препорака:**

Да се воспостават процедури и постапки кои ќе обезбедат соодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, почнувајќи од планирање, евалуација, избор на најповолен понудувач, до спроведување на договорите склучени со најповолните добавувачи.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2.1. и 11.4. финансиските извештаи за Сметката – Приходи наплатени од органи на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба, на ден 31 декември 2007 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.3. и 11.5. кај Сметката – Приходи наплатени од органи на Бирото за регионален развој, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

14. Во врска со препораките во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на сметката Приходи наплатени од органи за 2005 година на Бирото за регионален развој, ревизијата констатира дека не се преземени мерки по истите поради што и состојбите утврдени со оваа ревизија се идентични.

**Скопје, 15.07.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

**Сметка за приходи наплатени од органи (631)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 44.273 | 43.039 |
| **Вкупно приходи** | | **44.273** | **43.039** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 1.358 | 1.467 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.358** | **1.467** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 13.636 | 16.150 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **13.636** | **16.150** |
| **Вкупно расходи** | | **14.994** | **17.617** |
| **Остварен вишок на приходи - за пренос во наредна година** | | **29.279** | **25.422** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **29.279** | **25.422** |

**БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

**Сметка за приходи наплатени од органи (631)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2007 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 29.279 | 25.422 |
| Залихи | 4.2. | 2 | 2 |
| **Вкупно тековни средства** | | **29.281** | **25.424** |
| **Постојани средства** | | | |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.3.1. | 132.377 | 149.639 |
| **Вкупно постојани средства** | | **132.377** | **149.639** |
| **Вкупна актива** | | **161.658** | **175.063** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.1. | 29.279 | 25.422 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **29.279** | **25.422** |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 2 | 2 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2** | **2** |
| **Извори на други средства** | *4.5.2.* | **132.377** | **149.639** |
| **Вкупна пасива** | | **161.658** | **175.063** |

**БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

**Сметка за приходи наплатени од органи (631)**

**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2005 година | 2 | 2 |
| Зголемување по основ на: | - | - |
| Намалување по основ на: | - | - |
| Состојба 31.12.2005 година | 2 | 2 |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*